This project is funded by the European Union
This project is implemented by
ЦЕНТАР ЗА ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ
CENTER FOR LEGAL RESEARCH AND ANALYSIS
МЗМП

Центарот за правни истражувања и анализи (ЦПИА) за потребите од спроведување на проектот “Ефикасна правда за заштита на основните слободи и правото на приватност во онлајн просторот” финансиски поддржан од Европската унија, број на договор: 2022/441-711 објавува

# ЈАВЕН ПОВИК

**за ангажирање на 2 експерти за подготовка на Анализа на потреби од обуки и Програма за обуки за судство и јавно обвинителство за заштита на човековите права и правото на приватност во дигиталниот простор**

## 1. Општи информации за Проектот

Проектот “Ефикасна правда за заштита на основните слободи и правото на приватност во онлајн просторот” (во понатамошниот текст Проектот) е акција финансиски поддржана од Европската унија со договор бр. 2022/441-711 во рамки на програмата ЕИДХР Поддршка на граѓанското општество преку шеми за поддршка засновани на одредена земја, во Северна Македонија. Проектот ќе се спроведува во период од 2 февруари 2023 до 31 јануари 2025 година од страна на Центарот за правни истражувања и анализи (ЦПИА) и Македонското здружение на млади правници (МЗМП). Општа цел на Проектот е да се зајакнат капацитетите на судството и јавното обвинителство во ефикасна заштита на приватноста на граѓаните, како и другите права и основни слободи засегнати од новите технологии во онлајн просторот во согласност со правото и стандардите на ЕУ. Во насока на остварување на општата цел, Проектот вклучува спроведување на повеќе активности групирани во три компоненти: 1. Градење на капацитети (1.1 Подготовка на анализа за потреби од обуки и акционен план за обука за судството и јавното обвинителство 1.2 Подготовка на програми за обука за судството и јавното обвинителство 1.3 Усогласување на програмите за обука со АСЈО и интегрирање на обуките во програмата за обука на АСЈО 1.4 Испорака на обуки за заштита на приватност, лични податоци и човекови права во онлајн просторот за судии и јавни обвинители 1.5. Испорака на обука за обучувачи ) 2. Истражување (2.1. Подготовка на извештај за проценка на празнините и компаративна анализа за улогата на судството во Северна Македонија во заштита на правото на приватност и лични податоци 2.2. Подготовка на Водич за заштита на човековите права и правото на приватност во дигиталниот простор за практична употреба на судии, јавни обвинители и адвокати) 3. Дијалог за креирање политики (3.1 Подготовка на четири анализи за клучни ИКТ теми релевантни за правосудството 3.2 Стратешки форуми за дискусии меѓу институциите околу клучните теми 3.3 Интегрирање на заклучоците и препораките од стручните форуми во документ за креирање политики 3.4 Јавна кампања за едуцирање на граѓаните за правните инструменти за заштита на човековите права во дигитален простори). Повеќе информации за проектот се достапни на следниот линк.

## 2.Опис на активноста предмет на овој повик

Ангажманот кој е предмет на овој јавен повик е потребен заради спроведување на Активностите 1.1 Подготовка на анализа за потреби од обуки и акционен план за обука за судството и јавното

обвинителство, 1.2 Подготовка на програми за обука за судството и јавното обвинителство и 1.3 Усогласување на програмите за обука со Академијата за судии и јавни обвинители (АСЈО). За спроведување на активностите ќе бидат ангажирани вкупно 2 (два) експерти, 1 (еден) правен експерт и 1(еден) експерт за заштита на лични податоци.

## 3. Цели на ангажманот и работни задачи

Цел на ангажманот на експертите е да подготват:

- Анализа за потреби од обуки и акционен план за обука за судството и јавното обвинителство за заштита на човекови права, правото на приватност и лични податоци во дигиталниот простор за судии и јавни обвинители
- Подготовка на курикулум за обука за судии и јавни обвинители за заштита на човекови права, правото на приватност и лични податоци во дигиталниот простор вклучително и програма за обучувачи
- Усогласување на програмите за обука со Академија за судии и јавни обвинители (АСЈО)

Заради исполнувањето на ангажманот предмет на овој Јавен повик, експертите ќе треба да ги спроведат следниве работни задачи:

- Подготовка на методологија и пристап за спроведување на анализа за потреби од обуки
- Проценка на релевантни национални правни акти, стратешки документи и извештаи за заштита на човекови права, правото на приватност и лични податоци во дигиталниот простор
- Проценка на меѓународни правни стандарди за заштита на човекови права, правото на приватност и лични податоци во дигиталниот простор
- Спроведување на интервјуа со претставници од АСЈО, судство и јавно обвинителство со цел проценка на потребите за обука
- Подготовка на Анализа за потреби од обуки и акционен план за обука за судството и јавното обвинителство за заштита на човекови права, правото на приватност и лични податоци во дигиталниот простор за судии и јавни обвинители
- Врз основа на Анализата за потреби од обуки, подготовка на модули за обуки (курикулум) кои понатаму ќе служат како појдовни материјали за спроведување на обуки за судство и јавно обвинителство
- Подготовка на програма за обучување на обучувачи
- Усогласување на програмите за обука со Академија за судии и јавни обвинители (АСЈО)

## 4. Профил и потребни квалификации

Експертите треба да ги исполнуваат следниве квалификации:

**Правен експерт:**

- Правник со најмалку 7 години работно искуство како адвокат или правен консултант или истражувач
- Најмалку 1 година искуство во работа со Академијата за судии и јавни обвинители, судство или јавно обвинителство
- Познавање на законодавството во РМ кое се однесува на заштита на човековите права во дигитален простор и заштита на лични податоци ќе се смета за предност
- Искуство во подготовка на анализа за потреби од обуки и курикулум за обуки ќе се смета за предност

**Експерт за заштита на лични податоци**

- Професионално искуство во областа на заштита на личните податоци од минимум 3 години
- Искуство во подготовка на курикулум или спроведување на обуки поврзани со заштита на лични податоци ќе се смета за предност
- Познавање на законодавството во РМ кое се однесува на заштита на лични податоци и меѓународни правни стандарди во контекст на Закон за заштита на лични податоци и општата регулативата за заштита на личните податоците на ЕУ (GDPR)

## 5. Договор и обврска за известување

Правата и обврските кои произлегуваат од ангажманот ќе бидат уредени со договор за услуги. Експертите ќе имаат обврска да доставуваат месечни извештаи за изработените работни задачи и листи на сработени работни денови на англиски јазик најдоцна до 5ти од месецот за претходниот месец. Извештаите ќе се доставуваат до Проектниот менаџер на е-пошта: milena.josifovska@cpia.mk.

## 6. Временска рамка и плаќање

Работниот ангажман ќе биде спроведен во 26 работни денови (од експерт) во периодот од април 2023 до октомври 2023 година. За секој работен ден предвиден е надомест од 150 евра во бруто износ кои ќе бидат исплатени во денарска противвредност, според курсот на Проектот. Исплатата ќе се врши еднаш месечно за сработените денови, а по одобрувањето на месечниот извештај од страна на Проектниот менаџер.

| Експерт | Задача | Работни денови | Рок за испорака |
|---|---|---|---|
| Правен експерт<br><br>Експерт за заштита на лични податоци | Анализа за потреби од обуки и акционен план за обука за судството и јавното обвинителство за заштита на човекови права, правото на приватност и лични податоци во дигиталниот простор за судии и јавни обвинители | 8 по експерт | 31.07.2023 |
| | Курикулум за обука за судии и јавни обвинители за заштита на човекови права, правото на приватност и лични податоци во дигиталниот простор | 10 по експерт | 31.09.2023 |
| | Усогласување на програмите за обука со | 8 по експерт | 31.10.2023 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Академија за судии и јавни обвинители (ACJO | | |

## 7. Пријавување, евалуација на биографиите и контакт лице

Заинтересираните лица кои ги исполнуваат условите наведени во точка 4 од овој повик потребно е да достават детална биографија во која ќе бидат наведени референци со кои се потврдува исполнувањето на условите.

Биографијата треба да се достави во електронска верзија на е-пошта: contact@cpia.mk со назнака *Ефикасна правда за заштита на основните слободи и правото на приватност во онлајн просторот*. Рокот за аплицирање е **31 март 2023 година до 16:30 ч.**

Пристигнатите биографии ќе бидат евалуирани од страна на стручна комисија основана од Управниот одбор на ЦПИА. Критериуми кои ќе бидат земени при одлучувањето се: целосно исполнување на условите од точка 6 на овој повик и референци со кои се потврдува исполнувањето на овие услови.

Контакт лице за овој повик е Милена Јосифовска, е-пошта: milena.josifovska@cpia.mk